Име на институција:
Име на носител на јавна функција:
Датум на стапување на функција:

| Месец | Наративен извештај |
|---|---|
| Декември- 2017 | Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов<br>Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.<br>Во текот на месец Декември 2017 година, Директорот на ЈП за државни патишта, имаше интензивна агенда на активности, а се со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2018 година. Во остварување на агендата на директорот на ЈП за државни патишта, активностите за овој месец започнаа со остварување на средбата со Christopher Millward – Шеф на регионот на Европа, Среден Исток и Северна Африка за Светска банка – MIGA на тема: презентација на производите на MIGA за проекти во јавниот сектор и дискусија за проекти за патишта.<br>Одржан беше состанок со француската фирма АКСИМУМ на тема: безбедносна опрема при изградба на патишта. Исто така се одржа состанок во Влада на РМ со Заменик на Претседателот на Владата – задолжен за економски пашања Кочо Анѓушев за анексот кон Договорот за автопатска делница Кичево - Охрид со изведувачот Синохидро.<br>Во тек е постапка за експропријација за делница Ранковце – Крива паланка. Докомплетирана е техничка документација за Крива Паланка – Ранковце со добиени одобрувања од Министерството за транспорт и врски.<br>Во просториите на ЈП за државни патшта, Директорот оддржа состанок со претставници од Министерство за финансии CFCD ( сектор за централно финансирање и склучување на договори), изведувачот STRABAK, претставници од Министерство за транспорт и врски, за патен правец Куманово – Миладиновци – лев коловоз, како и состанок со претставници од UNDP, претставници од ЕВН и претставници од секторот за одржување и заштита од ЈП за државни патишта, на тема надминување на повеќегодишната пречка на нисконапонската мрежа што поминува над мостот на река Брегалница во с.Зрновци.<br>Остварени се неколку состаноци со турскиот изведувач ASELSAN за имплементирање на електронски систем за наплата на патарина на коридор 10. Директорот присуствуваше на презентација на француски компании организирана од Францускиот амбасадор – Kristijan Timotie.<br>Одржана беше презентација на опрема на изведени тунели од страна на претставници и директорот на кинеската фирма ZTE. Во Влада на РМ беше реализиран состанок кај Заменик на Претседателот на Владата – задолжен за економски прашања Кочо Анѓушев на тема: Индустриска зона Визбегово, со министерот на Министерство за транспорт и врски - Горан Сугарески, Директорот на ЈП за државни патишта и градоначалникот на Град Скопје – Петре Шилегов.<br>Понатаму имаше состанок, на тема: измена на проектот за автопатска делница Миладиновци – Свети Николе – Штип со претставници од Проектантската куќа, професори од Градежен факултет, како и претставници од секторот за инвестиции на ЈП за државни патишта.<br>Директорот имаше средба со претставници од Институт за стандардизација, претставници од надзорот, како и претставници од Градежниот Факултет на тема: Усвојување на техничко упатство за еластична ограда.<br>Во овој период завршени се градежните работи на рехабилитација на сообраќајна лента на делница Велес – Градско и Градско – Велес.<br>Започната е рехабилитација на државен пат делница Петровец – Катланово. Исто така започната е Рехабилитацијата на државниот пат делница Пршовце – Јегуновце. |
| Јануари- 2018 | Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов<br>Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.<br>Во текот на месец Јануари 2018 година, Директорот на ЈП за државни патишта започна да реализира активности за остварување на Годишната програма за изградба, рехабилитација, реконструкција одржување и заштита на државните патишта за 2018 година, која беше донесена на ден 26.12.2017 година, од Управниот одбор на ЈП за државни патишта. Исто така започнаа активности од Програма за одржување и заштита на државни патишта за 2018 година, за која реализација е склучен Договор со ЈП Македонијапат.<br>Оствари средба со претставници од грчката фирма Stavridis Grigoris на тема: вонреден превоз – транспорт на локомотиви за Македонски Железници од пристаништето во Атина до Скопје.<br>Одржан е состанок со директорот Wang Fan задолжен за Европа и директор Li Zhiqing (Jasmine) задолжена за Србија на The Export-Imort Bank of China, за продолжување на Договор на автопатската делница Кичево – Охрид, како и состанок со преговарачкиот тим за продолжување на Договорот за автопатската делница Кичево – Охрид, во Влада на РМ кај Заменик на претседателот на Владата - задолжен за економски прашања Кочо Анѓушев, со високи претставници од Синохидро, Министерот на Министерство за транспорт и врска – Горан Сугарески и Директорот на ЈП за државни патишта – Зоран Китанов.<br>Директорот беше поканет од Друштвото за патишта на Република Македонија, по повод 50 година од основање на Друштво на патишта на Република Македонија, на тема: Насоки за развој на Европскиот патен коридор 8 , каде што Директорот имаше свое обраќање, во стручниот дел Предизвици и перспективи во изградбата на патната мрежа во РМ на коридор 8.<br>Директорот оствари средба со претставник од IRD – Guisepe Di Mateo на тема: Идеен проект за четири патни правци (Штип – Радовиш, Куманово – Опае, К.Паланка Ранковце и Никуштак – Куманово).<br>Исто така се одржа состанок со претставници од ЈП Водостопанство – Брегалница на тема: клучка Три Чешми за дислокација на систем за наводнување заедно со професори од Градежениот Факултет.<br>Од клиентот задолжен за и iRAP (интернационални стандарди за оценување на патиштата) и Програма за безбедност на патиштата добиени се резултати за кодирање и мапирање на патишта.<br>Пристигнат е одговор на Барање од страна на The Export-Imort Bank of China, во врска со Барање од страна на ЈП за државни патишта, за продолжување на рокот за повлекување на средства по Договор за заем за изградба на автопатот Кичево – Охрид.<br>Извршен теренски увид во градежни работи за реконструкција и модернизација на Наплатна станица Сопот. |
| Февруари- 2018 | Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов<br>Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.<br>Во текот на месец Февруари 2018 година, Директорот на ЈП за државни патишта, имаше интензивна агенда на активности, а се со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2018 година.<br>Интервју за Македонско радио – радио Скопје со новинарот Зоран Трајчевски, каде што приоритет беше ставен на прашања, за изградбата на автопатиштата Миладиновци – Штип, Демир Капија – Смоквица, Охрид – Кичево, како и други патишта.<br>Одржан е состанок со претставници од ЕВН, ЈП за државни патишта, на тема: управување и одржување со средно напонско ниво Демир Капија – Смоквица. Директорот даде интервју за МУНЛАЈТ ПРОДУКЦИЈА со новинар Катарина Спасовска на тема: изградба на автопатот Демир Капија – Смоквица.<br>Остварена беше средба со експертот за мршојадци Емануел Лисичанец ангажиран преку изведувачот RUBAU за изградба на патниот правец Раец – Дреново.<br>Директорот одржа состанок со главниот директор за Централна и Југоисточна Европа на EBRD – Charlotte Ruhe, за проектите преку EBRD. Исто така се оддржа состанок со консултант за патарина Anton Sieber од ASFINAG (Јавно претпријатие за патишта) .<br>Од клиентот за iRAP (интернационални стандарди за оценување на патиштата) и Програма за безбедност на патиштата изработени се Карта на индивидуален ризик и Карта на Колективен ризик.<br>Директорот беше во посета на Велика Британија – Лондон во периодот од 25.2.2018 до 27.2.2018 година, со цел присуство на Самитот за инвестиции на Западен Балкан, одржување на состанок со Директорката за транспорт при EBRD г-ѓа Sue Barret, како и потпишување на измена на Договорот за заем. Настаните се случуваа во главната канцеларија на EBRD во Лондон – Велика Британија.<br>Потпишан е Договор со најповолен понудувач TIRRENA SCAVI (Италија) за изградба на експресен пат Ранковце – Крива Паланка делница Ранковце – Длабочица. |
| Март- 2018 | Кабинет на Директорот на Јавното претпријатие за државни патишта, Зоран Китанов<br>Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.<br>Во текот на месец Март 2018 година, Директорот на ЈП за државни патишта, имаше интензивна агенда на активности, а се со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2018 година.<br>Остварена беше средба со претставници од EBRD - Rishard Gargrave, Alan Martin на тема: EBRD – CIPS (Овластен институт за набавки) програма и показатели на влијанието на транзицијата, објаснување на принципите и пристапот за добивање на основниот CIPS сертификат , барања за логистика, контакти и документи за преглед, како и општи планови и следни чекори, вклучувајќи планирање на работни средби со CIPS проценител.<br>Директорот беше во посета на Р.Хрватска на Градежниот факултет во Загреб, во периодот од 19.3.2018 до 20.3.2018 година, на тема RUKONBAR – бетонски зид за заштита од бука, а целта е да се заштити проблемот со буката, која настанува при транспорт на возилата, а воедно на Директорот му беше овозможена и посета во лабараторија на катедра за патишта и лабараторија на катедра на геотехника, со професори од Градежниот факултет од Загреб.<br>Се оддржа состанок со консултантската француска компанија SAFEGE за понуди за проектирање на мерки за црни точки. Исто така беше одржан состанок со претставник на австриската фирма ILF Consalting Ingeners – Richard Schenz на тема: меѓусебно запознавање и споделување на заеднички искуства за планирање и реализација на инфраструктурни проекти.<br>Директорот беше поканет од страна на Jovan Barovich Sshonherr на Конференцијата за промените на FIDIC 2017 година, која беше одржана во Скопје.<br>Интервју за емисија КОД на ТВ Телма со Снежана Лупевска за изградба на капиталните патишта во Република Македонија.<br>Беше склучен Меморандум за соработка помегу ЈП за државни патишта и општина Гевгелија, а се со цел за непречено функционирање на контролниот центар во Неготино, кој е во надележност на ЈП за државни патишта, како и за взаемно помагање и соработка при употреба на автопатот Демир Капија – Смоквица.<br>Извршен увид на градежни работи на автопатот Неготино – Демир Капија. Прес конференција на тема: Инвестициски циклус на патна инфраструктура.<br>Одржан е состанок со изведувачот RUBAU, професори од Градежниот факултет, за усогласување на барањата за потпишување на Анекс бр.1 на Договорот за изградба на експресниот пат А1 Градско – Прилеп, делница Фариш – Дреново, како и состанок со Директорот на подизведувачот “Бетон”, професори од Градежен факултет на тема Санација на свлечиште на автопатот А4 Миладиновци – Штип.<br>Директорот беше во посета на Р.Словенија каде што се потпиша Меморандум за соработка помеѓу ЈП за државни патишта на Р.Македонија и Друштво за автопатишта на Р.Словенија, чија цел е воспоставување на соработка и размена на информации кои управуваат со патиштата во Р.Словенија и Р.Македонија. Обезбедени се одобренија за градење на Наплатните станици Демир Капија и Гевгелија. |

| | |
|---|---|
| Април- 2018 | Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.<br>Во текот на месец Април 2018 година, Директорот на ЈП за државни патишта, имаше интензивна агенда на активности, а се со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2018 година.<br>Се оддржа теренски настан на експресниот пат Штип – Кочани, со должина од 28км., заедно со Министерот за транспорт и врски – Горан Сугарески. Изградбата се реализира во две фази: I фаза Штип – Крупиште, во должина од 14,3 км., за која беше направен теренскиот настан и II фаза Крупиште – Кочани, во должина од 13,7 км.<br>Остварена беше средба со претставници од кинеската компанија ZTE– Ванг Јинг, Тодор Куновски и Валентин Андонов, за проект за изведба на опремата за тунелот на автопатот Кичево – Охрид.<br>Исто така беше одржана презентација на тема: Понатамошни решенија за надградба на системот за управување со патишта (RAMS) од страна на претставници на словенечката консултантска фирма IGEA во состав на директорот Alesh Shunter и Branko Lukezic, како и презентација од страна на словенечката фирма CESTEL – директор Mitja Pajek, на тема Преоптеретеност на патиштата.<br>На регионалниот пат Петровец – Катланово беше одржан теренски настан, каде што беше направен увид на градежните работи.<br>Директорот на Западен Балкан на EBRD – Zsuzsanna Hargitai беше во канцеларијата на Директорот на ЈП за државни патишта на тема: запознавање со проектите преку EBRD како и можност за идна соработка.<br>Презентација одржана во просториите на ЈП за државни патишта, од страна на претставници од IGEA – Словенија, со претставници од Министерство за транспорт и врски, Министерство за внатрешни работи, Македонија сообраќај – АМЕРИТ, Асоцијација на здруженија на работодавачите на превозни трговски друштва на РМ "Макам Транс", за систем на мерење на тежина на камиони – подобрување на безбедноста на прометот на сообраќајот.<br>Состанок оддржан за проектни програми, кои произлегуваат од Планот за јавни набавки на ЈП за државни патишта за 2018 година, а се доставуваат за изработка до Градежен факултет.<br>Директорот беше во посета во Јавното претпријатие за патишта - ASFINAG од Виена – Австрија, во периодот од 16.4.2018 до 17.4.2018 година, со цел размена на информации поврзани со управување на сообраќајот и наплата на патарина.<br>Пуштен е во сообраќај новиот автопат Демир Капија – Смоквица, а со тоа пуштен е во функција и Контролниот центар Неготино – Центар за управување и надзор на сообраќајот во тунелите на автопатот.<br>Се потпиша Меморандум за соработка помеѓу ЈП за државни патишта и општините Неготино и Демир Капија, заради взаемно помагање и соработка за непречено функционирање на контролниот центар – Неготино, кој што е во надлежност на ЈП за државни патишта, како и за взаемно помагање при употреба на Автопатот Демир Капија – Смоквица.<br>Директорот покани експерт во областа од управување и надзор на сообраќајот во тунели, од Друштво за автопатиштата на Република Словенија – DARS, се со цел одржување на обуки на вработените во ЈП за државни патишта, Контролен центар за управување и мониторинг со тунели - Неготино. Експертите успешно ја завршија обуката, а со тоа го пренесоа своето искуство на вработените од ЈП за државни патишта кои ќе работат во Контролниот центар – Неготино.<br>Избран е најповолен понудувач Гранит и Бетон за втората делница Длабочица – Крива Паланка за изградба на експресниот пат Ранковце – Крива Паланка.<br>Воведен е во работа изведувачот на работите STRABAK (Австрија) за изградба на експресен пат Штип – Радовиш. Обезбедено е одобрение на дел од градба за Проширување и изградба на дел на постојниот државен пат Никуштак – Куманово, делница Матејче – Липково. |
| Мај- 2018 | Директорот на ЈП за државни патишта во рамките на своите работни обврски го организира и раководи процесот на работењето, како и работата на претпријатието.<br>Во текот на месец Мај 2018 година, Директорот на ЈП за државни патишта, имаше интензивна агенда на активности, а се со цел остварување на Годишната програма за изградба, реконструкција, рехабилитација, одржување и заштита на државни патишта за 2018 година, како и беа одржани неколку прес конференции за теренски увид и посета на градежни работи, за да се провери интензитетот на активностите на одделни патни правци.<br>Се оддржа состанок со претставник од ЕБРД – Graeme Clark на тема: National roads 1 и 2 транша, како и за јавната набавка за делница Крупиште – Кочани.<br>Официјално беше означен почетокот на реализација на проектот, изградба на делница Градско – Дреново. Беше завршен проектот за осветлувањето на дел од автопатот А2 и А4 (делница клучка Хиподром – клучка Белви – клучка Илинден и делница клучка Хиподром – клучка Кадино), како и завршен проект за инсталација на осветлување и светлечка сигнализација, поставување на сообраќајни знаци со променлива содржина кои ќе се постават на автопатските главни влезови на Скопје.<br>Посета на тунелот на автопатот Кичево – Охрид, заедно со експертот кој има 35 годишно искуство за тунели, механика на карпи и геотехника и геотехнички инженеринг, од IC Consulenten – Австрија - Peter Schubert, како и одржани беа состаноци во Влада на РМ кај Вицепремиерот Кочо Анѓушев, од Министерство за транспорт и врски со Министерот – Горан Сугарески и експертот од IT – Consulenten Peter Schubert.<br>Беше реализиран состанок за делница Требеништа -Струга, заедно со претставник од Министерство за култура, задолжен за проекти на UNESKO, на кој состанок беше разговарано за можноста ЈП за дравни патишта да испрати информација за инволвираните препораки на INESKO со техничка документација, а се со цел надминување на проблемите поврзани со инфраструктурниот проект за делница Требениште- Струга.<br>Меморандум за соработка се потпиша помеѓу Авто Мото Сојуз на Македонија Скопје – АМСМ и ЈП за државни патишта. Овој меморандум се склучува заради заедничко дејствување и размена на информации од областа на сообраќајот со цел ефикасно и навремено информирање на корисниците за моменталната состојба на патиштата и тунелите во Република Македонија под надлежност на ЈП за државни патишта, како и ефикасен ангажман на АМСМ во отстранувањето на техничките дефекти и имобилизираноста на возилата на корисниците на државните патишта.<br>Завршени се градежните работи на рехабилитацијата на државниот пат Близанско – Калуѓерец во должина од 14,50 км. Исто така завршена е рехабилитација на регионалниот пат Пршовце – Јегуновце, во должина од 5 км. На коридор 8 променети се 20 нови кабини на следните Наплатни станици: Миладиновци, Глумово, Желино, Тетово и Гостивар.<br>Се оддржа состанок во ЈП за државни патишта со Вицепремиерот Кочо Анѓушев, кој е задолжен за економски прашања, заедно со надзорот за изградба на автопатот Кичево – Охрид, како и претставници од ЈП за државни патишта, за пренамена на средства од Основниот договор, а истите да се изведуваат по технолошки процес односно прво се завршуваат земјени работи, па потоа се преминува на тампонирање и асвалтирање. На овој состанок е договорено да се испрати допис до The Export – Import Bank of China, за повлекување на средства согласно Анекс Договорот кој што рок е до 30.6.2021 година, како и дискусија за потрошени финансиски средства за довршување на проектот.<br>Завршување на градежни работи на автопатот Петровец – Миладиновци на средна лента, во должина од 6.5 км., и брза лента во должина од 1,5 км. |